

десетте БОЖЈИ заповеди

ВО ТЕМЕЛОТ НА МОДЕРНИТЕ ЗАКОНИ *и на современите морални начела на животот се наоѓа Декалогот или Божјиот закон од десет заповеди.*

Денеска зборот „закон“ главно се сфаќа како забрана или начело кое не смее да се прекрши. Декалогот, како откровение на Божјата волја за луѓето, не треба да се гледа само како збир на забрани, туку и како Божји проглас на милоста. Бог во својата љубов и милост сака човештвото да разбере дека гаранција за среќата на оваа земја е послушноста. Бог сака да нè заштити од злото што произлегува од престапот на Законот или од гревот.

Видови закони

Во Библијата, во Стариот завет постојат четири групи закони кои можеме да ги наредиме во морални, церемонијални, граѓански и здравствени. Десетте Божји заповеди се Морален закон. Тоа е прв вид закон кој се изделува од другите начела во Стариот завет. Десетте заповеди се посебни зборови зашто тоа се единствени зборови што му ги изговорил лично Бог на еден народ *(5. Мојсеева 5,22*)*. Тие десет начела, кои не зависат од времето на човечката историја, се чувани во заветен ковчег во светињата над светињите во шаторот, а подоцна во храмот, во која Бог лично се состанувал со својот избран народ *(2. Мојсеева 31,18; 5. Мојсеева 10,2)*. Единствено Декалогот Господ го напишал со своја рака на две камени плочи со цел израелскиот народ и цел свет да ја сфатат исклучителната важност на тие единствени десет принципи.

Прописите содржани во Десетте заповеди имаат општо човечки карактер. Тие десет „зборови“ претставуваат принципи што треба да управуваат со односите меѓу Бога и човекот, и



* Во заградите е наведено на кое место во Библијата се наоѓа цитираниот текст

меѓу човекот и човекот. Десетте заповеди се дадени во таков вид за да можат да се применат на секој човек во сите животни околности.

Целта на давањето на овој Закон на гората Синај е повеќекратна. Негова најважна улога е да укаже на гревот. Библијата гревот го дефинира како беззаконие *(1. Јованово 3,4)*. Божјиот закон го открива гревот. Тој ни кажува што е тоа грев. Таа библиска вистина најдобро ја изразил апостол Павле со зборовите:

„И така, што да кажеме? Дали е Законот грев? Никако! Напротив, јас гревот го запознав само преку Законот, зашто не ќе знаев за лакомоста ако Законот не речеше: 'Не посакувај туѓо'" *(Римјаните 7,7)*.

Апостол Јаков Божјиот закон го опишува како огледало на кое се гледа сета наша гнасотија на гревот *(Јаков 1,23-25)*. Според тој Закон, цел свет е виновен пред Бога. Ако го увидиме тој важен факт, ние ќе прибегнеме кон спасение од гревот во Исуса Христа. Како пустинската жега што нè тера во сенката на оазата, така Законот со својата осуда нè гони да бегаме кај Христа како единствен Спасител. Божјиот закон го открива гревот и нашата нечистота, но не ни дава сила да живееме праведен живот каков што живеел Исус Христос. Божјиот закон е чувар до Христа *(Галатите 3,24)*, да се оправдаме со вера во Оној кој единствено можел да го одржи Законот и да остане свет. Ние како грешници наоѓаме единствена надеж во Христа кој ни подарува своја светост. Со нашите лични напори не можеме да живееме живот на послушност. Затоа не се спасуваме со држење на Законот, туку со вера во Оној кој единствено совршено го држел Законот. Кога ќе

стапиме со вера во нераскинлива заедница со Праведникот Исус Христос, дури тогаш можеме да донесуваме плодови на праведноста.

Христос секогаш го нагласувал духот на Законот, а не само строгото придржување кон неговото слово. Дух на Законот е љубовта која е Божји дар. Апостол Павле тоа прекрасно го искажал со зборовите:

„... Кој го љуби ближниот, го исполнува Законот. Зашто заповедите: 'Не врши прељуба! Не убивај! Не кради! Не посакувај!' - и ако има уште некоја друга заповед, сите се содржани во овие зборови: 'Љуби го својот ближен како себеси!' Љубовта не му прави зло на ближниот; затоа љубовта е исполнување на Законот" *(Римјаните 13,8-10)*.

Таа библиска вистина мораме постојано да ја имаме предвид кога зборуваме за Десетте заповеди. Љубовта кон Бога и кон ближните е суштина на Декалогот, на Десетте заповеди, во која ќе се обидеме да проникнеме.

„ЈАС СУМ ГОСПОД БОГ ТВОЈ..."

Првата Божја заповед гласи:

1 **„Тогаш Господ ги кажа сите овие зборови: 'Јас сум Господ, Бог твој, кој те изведов од земјата египетска, од домот на ропството. Немој да имаш други богови освен мене!'"**
(2. Мојсеева 20,1-3)

Во првата заповед, што ја изговорил лично Бог, првпат во Декалогот се споменува Божјето свето име. Според библиското откровение, името на некоја личност го претставува неговиот карактер. Што можеме да научиме од Божјето име за Божјиот карактер? Во оригиналниот еврејски текст наоѓаме две имиња за Бога. Првото име е Јахве, а другото Елохим. Божјето име Јахве кај нас е преведено со „Господ", додека името Елохим е превезборот „Бог". Елохим ја изразува идејата за Бога кој е несфатлив за човекот. Елохим е Бог Творец, трансцендентен и неспознатлив Бог, кого смртниот човечки ум не може да го сфати. Тој е извор и одржувач на животот - Оној кој создал сè и кој е жив Бог, за разлика од мртвите, камени или дрвени идоли.

Божјето име Јахве или Јехова го означува заветниот Божји однос со неговите созданија. Јахве е Бог кој се меша во човечката историја, кој му е близок на човекот, кој стапува во заветен однос со човекот. „Господ" е иманентен Бог кој управува со човечката историја и ја приведува кон нејзин осмислен крај. Значи, Божјето име Јахве го означува непрестајното Божје присуство на светот што го создал и што сака да го спаси. „Јас сум" ја означува димензијата на вечното Божје постоење. Тој е. Тој е непроменлив и бесконе-

Во првата заповед Бог се објавува како Избавител на човекот

чен Бог кој сака да воспостави однос со нас смртни и грешни суштества. Без оглед на тоа колку Божјето име во првата заповед ја искажува Божјата големина и повикува на страхопочит, тоа во исто време е и повик на Божјата љубов за непосредна средба со него.

„... кој те изведов од земјата египетска, од домот на ропството."

Вистина е дека Бог го извел еврејскиот народ од Египет и го избавил од тамошното свирепо ропство. Меѓутоа, библиското откровение не се запира на тој историски факт. Египет, кој за Божјиот народ, Израел, претставувал ропски дом или куќа на ропство, во новозаветното откровение станува симбол на духовното ропство на секој човек поединечно. Во Откровение 11,8 постои изразот „духовен Египет (Мисир)", кој го означува градот или домот на ропството каде што живее безбожниот народ. Тоа ропство не е телесно, туку духовно. Тоа не е локално, туку универзално. Целото човештво се наоѓа во луто ропство на гревот, „зашто сите згрешија и ја загубија Божјата слава" *(Римјаните 3,23)*. Од тоа ропство може да нè ослободи единствено вистинскиот Ослободител - Божјиот Син, Исус Христос. Во текот на својата мисија на земјата, Христос се сретнал со луѓе кои не ја сфатиле природата на духовното ропство. Ним Исус им ги упатил следните зборови:

„Вистина, вистина, ви велам, секој што прави грев, роб му е на гревот. Робот не останува дома довека, а Синот останува довека. И така, ако Синот ве ослободи, навистина ќе бидете слободни" *(Јован 8,34-36)*.

Првата заповед во својот втор дел забранува обожавање на сите други богови, освен на Господа Бога. Тоа подробно ќе го анализираме во контекстот на втората Божја заповед која го забранува идолопоклонството.

ЗАБРАНА НА ИДОЛОПОКЛОНСТВО

2

„Не прави си идол, ниту каква и да е слика од она што е горе на небото, што е долу на земјата или во водата под земјата! Немој да им се клањаш, ниту да им служиш! Зашто јас, Господ, Бог твој, сум Бог љубоморен, кој ги казнувам гревовите на татковците - гревовите на оние кои ме мразат - кај децата до трето и четврто колено, а покажувам милост кон илјадници кои ме сакаат и ги извршуваат моите заповеди" *(2. Мојсеева 20,4-6)*.

Библијата мошне јасно нагласува дека „Бога никој никогаш не го видел" *(Јован 1,18)*. Вечниот и жив Творец, кој е извор на животот, никој никогаш не го видел ниту пак може да го види. Божјата реч кажува дека Бога го открил единствено неговиот единороден Син - Господ Исус Христос *(Јован 1,18)*. Во текот на својата земна служба

Нема друг посредник меѓу Бога и луѓето освен Спасителот Исус Христос.

Исус учел дека „Бог е Дух, и оние кои му се поклонуваат, треба да му се поклонуваат во дух и вистина“ *(Јован 4,24)*. Тоа се темелите на почитување на Бога. Бог ги повикува своите созданија само нему да му се клањаат и само нему да му служат. Ако е Бог за нас невидлив Дух, тогаш се чини бесмислено да се создава некаква божествена слика или кип како објект на нашето обожавање. Кога живиот Бог, Јехова, му се јавил на израелскиот народ на гората Синај за да го објави Декалогот, Тој преку својот слуга Мојсеј подробно ја објаснил оваа заповед:

„Вие се доближивте и застанавте под планината. Од разгорената планина, затемнета со црни облаци, бликаше пламен до среде небото. Од среде огнот Господ ви говореше вам; чувте звук од неговите зборови, но не видовте никаков лик - ништо освен глас... Внимавајте добро! Кога вашиот Господ Бог ви зборуваше на гората Хорив од среде огнот, не видовте никаков лик, за да не грешите, правејќи си себеси некаков делкан лик, кип со машка или женска лика, ниту лик на некое животно што е на земјата, ниту лик на некаква птица што лета под небото, ниту лик на што и да е што ползи по земјата, ниту лик на некаква риба што е во водата под земјата“ *(5. Мојсеева 4,11.12.15-18)*.

Библијата не е против сликите и скулптурите како уметнички дела, но забранува клањање пред такви творби како божества.

Светото писмо јасно нагласува дека Бога не можеме да го почитуваме визуелно, зашто Тој е Дух. Не постои посредник или посреднички елемент меѓу Бога и човекот освен Богочовекот Исус Христос *(1. Тимотеј 2,5)*.

Лажен бог или идол не мора да биде само видливо божество во вид на некоја слика или кип. Сè она што повеќе го сакаме и го цениме отколку Господа Бога, може да биде наш идол. Во таа смисла светот е преполн со разни идоли. Богатството, честа, човечката мудрост, убавината... можат да претставуваат идол во срцето на секој човек кој поради тие минливи работи ја занемарува службата на единствениот вистински Бог. Христос, како жив Господ и Спасител, нè повикува во него да најдеме свој мир и сила. Ништо не заслужува толкава почит како Оној кој се дал себеси за нас за да нè избави од гревот и смртта. Неговата љубов, која е жива и спасоносна, може да нè поучи и да нè одврати од службата на мртвите идоли на овој свет. „Ќе му се поклонуваш на твојот Господ Бог и само нему ќе му служиш!“ *(Матеј 4,10)*.

Во продолжение на текстот на втората заповед се кажува дека Господ Бог е љубоморен Бог. Идолопоклонството во Библијата е духовна прељуба, па оттаму Божјето незадоволство со еден таков чин е претставено како љубомора.

„Кој ги казнувам гревовите на татковците - гревовите на оние кои ме мразат - кај децата до трето и четврто колено, а по-

кажувам милост кон илјадници кои ме сакаат и ги извршуваат моите заповеди.“

Овој текст за мнозина бил проблематичен. Каков е тој Бог кој за гревовите на татковците ги казнува децата кои „не се виновни“? Децата мора неизбежно да ги сносат последиците на грешното живеење на своите родители. Меѓутоа, синовите не ќе бидат казнети за гревот на своите татковци *(Езекил 18,20)*, освен ако продолжат во наследените гревови. Обично се случува синовите да одат по стапките на татковците според законот на наследството и со тоа што го следат нивниот пример. Расипаниот и неморалниот живот се пренесува во наследство и синовите страдаат за гревовите на своите татковци, односно за своите гревови. Ова треба да влијае врз срцето на оние кои носат родителска одговорност децата да ги изведат на вистинскиот животен пат. Сите што ги воспитуваат децата соодветно со вечните божествени принципи на Светото писмо, ќе пожнеат благослов и ќе уживаат Божја милост. Некој рекол дека односот на Божјата правда и Божјата милост се четири спрема илјада. Божјата милост е изобилна и таа спасува и од гревот и од последиците на гревот.

ПОЧИТУВАЊЕ НА БОЖЈЕТО ИМЕ

3 **„Не изговарај го напразно името на својот Господ Бог, зашто Господ нема да го остави без казна оној што го изговара неговото име напразно!“** *(2. Мојсеева 20,7).*

Кај еврејскиот народ постоел обичај на децата да им се даваат осмислени имиња, но таквите имиња често се менувани кога карактерот не би одговарал повеќе на значењето на името. Библиските имиња за Бога го означуваат неговиот свет карактер. Затоа Божјето име е свето. Божјето име Јахве кај еврејскиот народ предизвикувало страхопочит, па Евреите наместо ова име го употребувале Божјето име „Адонаи“ односно „Оној кој владее“.

Изговарањето на Божјето име напразно не се однесува само на зборовите изговорени наспроти Божјата волја. Зборовите имаат силна моќ. Затоа секој празен збор, бесмислица, пцост, непристојна и празна шега можат да претставуваат кршење на третата заповед:

„А јас ви велам

Божјето име треба секогаш да го изговараме со почит

дека за секој празен збор што ќе го изговорат луѓето, ќе одговараат на судниот ден; зашто по вашите зборови ќе бидете оправдани, и по вашите зборови ќе бидете осудени“ *(Матеј 12,36.37)*.

Освен напразното земање на Божјето име во устата, постои и напразно земање на Божјето име во срцето. Многу луѓе велат дека веруваат во Бога и дека го почитуваат, додека едновремено се откажуваат од него со своите дела. Ако ние како христијани не живееме според Божјата волја и во Божја љубов, тогаш не можеме да бидеме Христова светлина и послание за светот. Уште повеќе, ако само со усните го исповедаме Божјето име, а срцето ни е далеку од Господа, ние стануваме камен-сопка и соблазна за луѓето кои уште не го запознале Бога. Тоа што треба да го видат луѓето во нас, во тој случај не ќе можат да го видат. Затоа Господ Исус сака да нè предупреди и опомене дека, ако го исповедаме неговото име, треба и да живееме со неговата љубов во срцето. Тој рекол:

„Зошто ме викате: ‘Господе, Господе‘, а не го извршувате она што го велам?“ *(Лука 6,46)*.

Во молитвата „Оче наш“ Христос учел дека треба „да се свети Божјето име“. Што значи тоа? Тоа значи дека Божјето име треба да биде во средиштето на нашето срце и во срцето треба да го светиме како единствен Господ и Спасител *(1. Петрово 3,15)*. Ако го љубиме Божјето име, ние сигуно нема да го злоупотребуваме. Луѓето ќе видат дека ние, кои го исповедаме Божјето име, имаме и Божји карактер, па ќе посакаат да ни се придружат во прославувањето на Исусовото име. Во тоа име, кое е над секое име, ќе се поклони „секое колено на небото, на земјата и под земјата“ *(Филипјаните 2,10)*.

ДЕН ЗА ОДМОР

4 „Помни си да го празнуваш саботниот ден! Шест дена работи и сврши ги сите свои работи! А седми ден е сабота, одмор посветен на твојот Господ Бог. Тогаш немој да работиш никаква работа: ни ти, ни твојот син, ни твојата ќерка, ни твојот слуга, ни твојата слугинка, ни твојот вол, ни твоето магаре, ниту придојдениот што ќе се најде во твојот дом! Зашто Господ за шест дена ги создаде небото, земјата, морето и сè што е во нив, а во седмиот ден си почина. Затоа Господ го благослови и го посвети саботниот ден“ *(2. Мојсеева 20, 8-11)*.

Заповедта укажува на седмиот ден. Оваа специфичност често создава проблем. Секако, сите денови се еднакви по своите физички карактеристики - секој трае 24 часа. Зар е важно кој ден го изделуваме за одмор и за богослужение? Не изгледа логично Бог да бара некој одреден ден. Но Тој токму тоа го прави. И секогаш ќе има такви кои доволно го сакаат Бога за да го послушаат и да не прашуваат зошто!

Оваа заповед претставува своевиден потпис или печат на Божјето авторство на сè што е создадено.

Бог бара од нас да го празнуваме седмиот ден и кажува дека седми ден е сабота. Тој ден е одреден и именуван и него никој не смее да го преименува со недела, со петок или со кој и да е друг ден во седмицата. Саботата е изделена за одмор и таа е благословена и света, што не е случај со ниту еден друг ден во седмицата. Како што читавме, Библијата кажува дека саботата е Божји знак или Божји печат според кој се препознава Божјиот народ на оваа земја и со кој ќе биде запечатен за спасение *(Откровение 7, 1-3)*. Бог вели: „Сабота... е мој свет ден... саботата да ја нарекуваш радост, свет Господов ден, да ја празнуваш и да ја почитуваш“ *(Исаија 58,13)*.

Името на седмиот ден „шабат“, што значи „одмор“, заедно со другите девет заповеди, е врежано со Божји прст на двете камени плочи на Синај и кој смее тоа да го менува?

ПОЧИТУВАЈ ГИ ТАТКОТО И МАЈКАТА

5 **„Почитувај го својот татко и својата мајка за да живееш долго на земјата што ќе ти ја даде твојот Господ Бог!“** *(2. Мојсеева 20,12).*

„Ова е прва заповед со ветување: за да ти биде добро и да живееш долго на земјата“ *(Ефесјаните 6,2.3)*, кажува апостол Павле коментирајќи ја оваа Божја заповед. Бог јасно им ветува долг и благословен живот на оние што ги слушаат своите родители. Оној што го отфрла родителскиот авторитет, го отфрла авторитетот на Бога. Петтата заповед бара од децата да покажуваат љубов и грижа за своите родители. Најдобар и највпечатлив пример зо тоа е сам Господ Исус Христос. За него е пишано дека,

уште од своето рано детство им бил послушен на своите земни родители *(Лука 2,51)*. На крајот од својата мисија, додека висел на крст, наспроти тешката духовна и телесна агонија што ја преживувал, Тој не ја заборавил својата од болка скршена мајка. Знаел колку е тешко да се гледа единствениот син на столб за мачење. Си спомнал за сиот нејзин труд и за сета нејзина грижа за него додека уште бил дете, и знаел дека тагата поради неговата смрт може да ја уништи. Затоа пред својата сопствена смрт му ја предал на својот најомилен ученик Јован да се грижи за неа во староста *(Јован 19,26.27)*. Исус Христос бил совршен во сè.

Ова е прва заповед со ветување: *„За да ти биде добро и да живееш долго...“*

Знаејќи дека Исус секогаш учел на послушност кон родителите, можеме да се прашаме што би требало да значат следните негови зборови:

„Не мислете дека јас дојдов да донесам мир на земјата. Не дојдов да донесам мир, туку меч. Да, дојдов да донесам непријателство меѓу синот и неговиот татко, меѓу ќерката и нејзината мајка, меѓу снаата и нејзината свекрва, а непријатели на човекот ќе бидат неговите домашни. Кој љуби татко или мајка повеќе од мене, не е достоен за мене, и кој љуби син или ќерка повеќе од мене, не е достоен за мене; и кој не го земе својот крст и не оди по мене, не е достоен за мене. Кој ќе ја најде својата душа, ќе ја загуби; и кој ќе ја загуби својата душа заради мене, ќе ја најде“ *(Матеј 10,34-39)*.

Од една страна, Библијата учи: „Почитувај го својот татко и својата мајка“, а од друга страна Исус кажува: „Кој љуби татко или мајка повеќе од мене, не е достоен за мене.“

Дали воопшто постои противречност меѓу овие Божји изјави? Клуч за решение на проблемот наоѓаме во еден новозаветен текст кој го потврдува авторитетот на петтата заповед, со еден додадок: „Деца, бидете им послушни на своите родители во Господа, зашто така е исправно“ *(Ефесјаните 6,1)*.

На родителите треба да им бидеме послушни „во Господа“. Ако родителскиот збор се разликува од Божјата заповед, Божјата реч нè учи прво да му бидеме верни на Бога, „зашто повеќе треба да му се покоруваме на Бога отколку на луѓето“ *(Дела 5,29)*. Доколку родителскиот збор се согласува со Господовата заповед, тогаш непослушноста кон родителите претставува непокорност на Бога, односно тоа е грев. Христијаните би требало да бидат најдобри деца на своите родители. Тие треба своите неверни родители да ги придобијат за Господа со својата кротост и понизност, а верните да ги слушаат како што го слушаат Господа. Тогаш децата ќе дадат голем придонес за семејната среќа која пред сè ја сака Оној кој го создал семејството.

6 „НЕ УБИВАЈ!“

Ова е најважна Божја заповед којашто ја нагласува светоста и вредноста на човечкиот живот. Ако животот произлегува од Бога, единствено Бог има право и да го одземе. Секоја грешна постапка, која води кон одземање на сопствениот или на туѓиот живот, претставува престап на шестата заповед. Оваа заповед го забранува убиството, но и самоубиството. Таа укажува на фактот дека постои грев со кој луѓето веднаш или постепено си го прекратуваат себеси или на другите земното постоење. Уништувањето на нашите морални, духовни, душевни и телесни способности, е еден вид самоубиство.

Оваа заповед не е само мртво слово врежано на камен. Таа носи една нова духовна суштина што ја објаснил Христос со следните зборови: „Сте чуле како им било речено на предците: 'Не убивај! А кој ќе убие, ќе одговара пред судот.' А јас ви велам дека секој што се срди на својот брат без причина, ќе биде виновен пред судот. А кој ќе му рече на својот брат 'празноглавец', ќе биде виновен пред врховниот суд; а кој ќе го нарече 'глупак', ќе биде виновен за во гехена“ (место надвор од Ерусалим каде што се спалувал сметот, каде што постојано горел оган) *(Матеј 5,21.22)*.

Апостол Јован додава: „Секој што го мрази својот брат, е убиец“ *(1. Јованово 3,15)*.

Господ Исус нагласува дека гревот почнува во срцето. Надворешната манифестација на она што се родило во човечкото срце ќе биде видлив акт на убиство. Омразата е исто толку страшна и разурнувачка како и убиството. Светот денеска е преполн со омраза и со убиства. За жал, мнозина кои велат дека веруваат во Бога, прават и грев на омраза и грев на убиство. Имајќи ја на ум таа голема библиска вистина, мораме да сфатиме дека реформата на човечкиот карактер почнува со реформа на срцето, а не со измена на надворешноста. Ако убиството како грев почнува во срцето во вид на омраза, јасно е дека човекот не може да се измени себеси, зашто духовната суштина му е зла. Само Христос може да нè ослободи од тој грев, од сите облици на убиство и да ни подари нов живот проникнат со мир и со љубов кон ближните. Заповедта „Не убивај!“ постојано нè осудува и ни ја покажува нашата безнадежна состојба сè додека Исус Христос со својата жртва не го избрише гревот во нас и со својот Дух не нè преобрази во нови луѓе кои ќе сакаат. Наспроти омразата, постои вечната Божја љубов. Оној што има љубов, сигурно нема да мрази ниту да убива.

Ќе чуете луѓе како велат: „Не сум убил никого“, а во своите срца негуваат омраза

7 „НЕ ВРШИ ПРЕЉУБА!“

Седмата Божја заповед директно го осудува неверството во бракот. Бракот е најстара и најсвета божествена институција *(1. Мојсеева 2,22-24)*. Меѓутоа, човекот денеска паднал толку ниско во својата морална отуѓеност од Бога, што светоста на брачната заедница не му значи многу. Илјадници разорени бракови, илјадници деца кои останале без родители, илјадници уништени млади суштества за цел живот, упорно сведочат колку страшни се последиците од непочитувањето на таа заповед. Кршењето на оваа заповед е грешен акт против Бога, против семејството, против црквата и државата.

Седмата заповед - заштита на семејната среќа

Оваа заповед не го забранува само грешното дело, туку и нечистите мисли. Христос тоа убаво го изразил со зборовите:

„Сте чуле како им било речено на предците: 'Не врши прељуба!' А јас пак ви велам дека, секој кој гледа на жена со похота, веќе извршил прељуба со неа во своето срце“ *(Матеј 5,27.28)*.

Исус нè учи дека прељуба не е само телесниот физички чин, туку и желбата во срцето. Од срцето излегуваат лоши мисли и прељуба *(Марко 7,21)*. Оној кој негува нечисти мисли, сака тоа да го спроведе и во валкано дело. Нечистото срце води кон нечисто дело. Затоа треба да бараме од Бога да ни го исчисти срцето, зашто само оние кои имаат чисто срце ќе го видат Бога *(Матеј 5,8)*. Обврските на Божјиот закон се далекусежни токму затоа што човечкото срце е нечисто. Нашата состојба мора да се измени, а тоа може да го стори само Бог. Тајните намери и побудите на нечистото срце може да ги исчисти само Христос. Тој може и сака да го прости секој грев. Кога ѝ простил на една прељубница, Тој ни покажал колку е милостив кон нас, сакајќи да ни ги прости гревовите *(Јован 8,3-11)*.

Во нашето грешно срце не постои чистота што ја бара седмата Божја заповед. Иако нè искушава похотна сласт, ние не треба да дозволиме да бидеме совладани. За таа цел ветена ни е силна Божја помош што треба да ја прифатиме и да ја искористиме.

8 „НЕ КРАДИ!“

Иако на прв поглед оваа заповед се чини недвосмислено јасна, ние ќе мораме да нагласиме некои посебни подробности при нејзиното објаснување. Како Божјата светост што ѝ се противи на секоја нечистота во заповедта „Не врши прељуба“, така и Божјата правда ѝ се противи на секоја кражба во заповедта „Не кради“.

Денеска светот е зафатен со бран на кражби. Разбојништва, нечесна трговија, претерана заработувачка на сметка на други; неплаќање на вработените, на побарувањата, на данок, и многу други измами, претставуваат кршење на оваа Божја заповед. Колку многу би се изненадиле сите луѓе, кои свесно крадат, кога би ги чуле Божјите зборови: „Секој кој краде ќе се истреби“ *(Захарија 5,2)*. Кога не би постоела преголемата Божја милост која го трпи овој свет, сите арамии би ја примиле својата заслужена казна. Божјата реч кажува дека крадците нема да го наследат Божјето царство *(1. Коринќаните 6,10)*. Меѓутоа, благодарение на прекрасната Христова милост, и крадците можат да се покаат и да почнат нов живот. Еден убав совет на апостол Павле е запишан како охрабрување за покајаните крадци:

Колку поинаку би изгледал светот кога луѓето би ја почитувале оваа заповед

„Кој крадел, да не краде веќе, туку нека се труди со свои раце да работи што е добро, за да може да му дава на оној што има потреба“ *(Ефесјаните 4,28)*.

Работата спасува од гревот наречен кражба. Човек мрзливец, и кој сака пари, ќе стане крадец. Само вредните луѓе, кои работат со свои раце и кои го ценат Божјиот дар, она што го имаат, се заштитени од кражба. Бог е милостив и сака и крадците да се изменат и да донесат духовни плодови нему на слава.

Најстрогата чесност е голем Божји благослов. Оние што ѝ се верни на Божјата реч, ќе бидат благословени и Бог ќе го умножи плодот на трудот на нивните раце.

9 „НЕ СВЕДОЧИ ЛАЖНО!“

Оваа заповед претставува забрана на секој вид лага. Доколку се обидуваме со лага да постигнеме некоја цел или да го ошетиме угледот на ближниот, ние ја кршиме оваа заповед. Намерното криење на очигледната вистина е исто така кршење на де-

Оној што лаже, свесно или несвесно го следи примерот на ѓаволот

веттата заповед.

Лагата води потекло лично од сатаната. За него Господ Исус рекол:

„Тој беше човекоубиец од почетокот и не остана при вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува лага, зборува од своето, зашто е лажливец и татко на лагата“ *(Јован 8,44)*.

Сатаната е голем измамник и лажливец кој ги измамил и ги прелагал нашите прародители, та тие паднале во грев *(1. Мојсеева 3,1 и понатаму)*. Оној што лаже, свесно или несвесно го следи примерот на ѓаволот. Мудриот Соломон кажува: „Ако некого лажно си го обвинил, како со секира, со меч или со стрела да си го погодил“ *(Мудри изреки 25,18)*.

Човек што кажува лаги за другите, може дури и да убие човек. Дури и Христос е убиен врз основа на лажно сведоштво на фарисеите. Божјата вистина во Исуса Христа нас нè гони секогаш да ја зборуваме вистината. Ако ги сакаме ближните, ние нема да изнесуваме лажни сведоштва за нив.

ГРЕВОТ ЛАКОМСТВО

10 „Не посакувај ја куќата на својот ближен! Не посакувај ја жената на својот ближен; ниту неговиот слуга, ни неговата слугинка, ни неговиот вол, ни неговото магаре, ниту што и да е од она што му припаѓа на твојот ближен!“
(2. Мојсеева 20,17)

Десеттата заповед е малку поинаква од другите. Таа е најдлабока од сите, зашто навлегува во човечкото срце. Таа „удира“ во коренот на сите гревови. Забранувајќи ја себичната желба, таа ги забранува и сите други престапи. На оној кој не го посакува туѓото, нема да му падне на ум да му стори некое друго лошо дело на својот ближен.

Гревот наречен алчност и себичност е престап на сите други девет заповеди. Господ може да нè ослободи и од тој грев доколку пекаме за помош сфаќајќи ја својата длабока грешност и немоќ.

Срцето кое посакува туѓо може да го измени само Творецот на срцето кој го испитува и совршено го познава.



Лошите дела почнуваат како лоши желби во умот

Љубовта

суштина и дух на Божјиот закон

За вистинскиот дух на Божјиот закон ни зборува Господ Исус:

„Еден од нив, законик, го праша, искушувајќи го: 'Учителе, која е најголема заповед во Законот?' А Тој му рече: 'Љуби го твојот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја душа и со сиот свој разум!' Тоа е прва и најголема заповед; а втората е слична: 'Љуби го својот ближен како себеси!' На тие две заповеди се потпираат целиот Закон и Пророците" *(Матеј 22,35-40)*.

Христовиот живот и жртва се најсилен поттик за љубовта во човечкото срце

Исус Христос кажува дека љубовта всушност е исполнување на Божјиот закон. Оној што го сака Бога со сета своја душа и својот ближен, ги исполнува сите десет Божји заповеди. Безусловната божествена љубов е суштина на духот на Декалогот. Таа љубов Бог ја излеал преку својот Свети Дух во срцата на оние кои веруваат во Христа *(Римјаните 5,5)*.

Ние можеме да го љубиме Бога зашто Тој пред тоа нè љубел нас и го дал на жртва својот единороден Син *(1. Јованово 4,10)*. Како одговор на таа безусловна Христова љубов, ние го љубиме Бога со сето свое срце (со умот - како средиште на нашето свесно дејствување), со сета своја душа (со чувствата) и со сета своја сила (со физичките способности). Ако имаме ваква љубов кон Бога, истата ќе ја имаме и кон луѓето. Љубовта кон луѓето всушност е показател дека го љубиме Бога. Ако не го сакаме ближниот, ние немаме ниту вистинска љубов кон Бога. Затоа ова излагање за Божјиот закон ќе го завршиме со зборови што охрабруваат и предупредуваат, а ни ги оставил апостол Јован инспириран со Божјиот Дух:

„Ако некој рече: 'Јас го љубам Бога', а го мрази својот брат, лажливец е, зашто кој не го љуби својот брат кого го гледа, не може да го љуби Бога, кого не го гледа. Од него ја имаме оваа заповед: 'Кој го љуби Бога, да го љуби и својот брат'" *(1. Јованово 4,20.21)*.

„...Зашто, кој го љуби ближниот, го исполнува Законот" *(Римјаните 13,8)*.

Текст: **д-р Радиша Антиќ** | Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето"**, 1001 Скопје | За издавачот: **Михајло Гурев**